## РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „МЕТОДИКА НА РАЗВОЈ НА ПОЧЕТНИ МАТЕМАТИЧКИ ПОИМИ“ ОД ПРОФ. Д-Р СНЕЖАНА ЈОВАНОВА-МИТКОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1602-164/4 од 115. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 30.11.2017 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Весна Макашевска, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,
– проф. д-р Снежана Мирасчиева, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за подготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„Методика на развој на почетни математички поими“ од проф. д-р Снежана Јованова-Митковска**, наменет за студентите на прв циклус студии за задолжителните предмети Методика на развој на почетни математички поими 1 и 2, со фонд на часови 2+2+1 и 6 кредити на студиската група Предучилишно воспитание на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на анализа на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци за ракописот:** За значењето на методиката на развојот на почетните математички поими покажува и предметот на оваа научна дисциплина - законитостите и содржините на процесот на развивање на почетни математички поими кај децата од предучилишна возраст. Имено, оваа дисциплина настојува да даде објаснување на основната цел на воспитно-образовната работа по математика, да ги дефинира сознајните, воспитните и практичните задачи, да ги разјасни содржините, да ги дефинира знаењата, умеењата и навиките со кои децата треба да се здобијат, да ги објасни методските постапки за воведување на математичките поими. Во таа насока и овој труд третира проблеми врзани со предметот на методиката на развојот на почетните математички поими, настојувајќи да даде одговор на разни дилеми и прашања поврзани со предметот. Освен теоретските погледи кон предметот, трудот третира и прашања врзани со педагошките и психолошките основи на развивањето на почетните математички поими, како и начинот на методската трансформација на содржините. Приложениот ракопис претставува содржина со која студентите ќе стекнат компетенции за реализација на воспитно-образовна практика по математика, но и содржина која може да биде начело за работа на воспитувачите во предучилишните установи. Потребата на воспитно-образовната практика и едукација на идните воспитувачи го одредува и местото на овој труд во стручната и научната литература.

**Податоци за обемот ракописот:** Учебникот содржи 141 страници, пишуван е во А4 формат, со фонт Times New Roman и единичен проред, а големината на буквите е 11. Текстот е систематизиран во шест дела, а содржи и предговор. Библиографијата вклучува 165 библиографски единици (книги, списанија, извештаи, нормативни акти, електронски изданија, електронска база на податоци). Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Трудот *„Методика на развој на почетни математички поими“* од проф. д-р Снежана Јованова Митковска произлегува од

потребата да се обезбеди литература за потребите на наставната дејност на Факултетот за образовни науки и е заснован на анализа на научна и стручна литература од земјава и од странство. Усогласен е со новите текови во современите педагошки, дидактички и методички дисциплини, со што укажува на значењето на овој труд за развојот и унапредувањето на современата литература и воспитно-образовна практика. Во нашата земја постојат трудови со сличен наслов, но овој труд е одраз на современата теорија и практика и претставува одраз на современиот третман на методиката на развојот на почетните математички поими.

**Краток опис на содржината:** Учебникот третира проблематика поврзана со методиката на развојот на почетните математички поими, а обработени се низа прашања поврзани со предметот на оваа научна дисциплина. Структуриран е во неколку делови. Првиот дел ја третира проблематиката за улогата и значењето на предучилишното воспитание и образование, а во вториот значењето на математиката и математичкото образование со посебен осврт на историскиот развој на математиката. Во третиот дел се третираат прашања врзани со методиката на развој на почетни математички поими, со посебен акцент на третманот на оваа дисциплина и нејзината поврзаност со другите научни дисциплини. Четвртиот дел ги третира прашањата поврзани со психолошките основи за воведување на децата во математиката, пред сè теориите на Жан Пијаже, Виготски, Брунер и Галперин. На овој дел се надоврзува петтиот, во кој се прикажани педагошките основи за развивање на почетни математички поими, и тоа поконкретно процесот на учење, креирањето на стимулативната средина за учење, процесот на формирање на математички поими. Во овој дел се дадени и дидактичките основи на методиката на развивање на почетни математички поими и тоа: принципите, формите и методите на работа, нагледните средства и стандардите за рано учење и развој. Методичката трансформација на содржините за множества, број и броење, просторна ориентација, геометриски форми и облици и мерење се дадени во шестиот дел на учебникот. Во истиот дел се дава осврт и на улогата на воспитувачот во развојот на математичките поими и примери на математички игри.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на анализата на учебникот **„Методика на развој на почетни математички поими“** од проф. д-р Снежана Јованова-Митковска и на воспитно-образовните практики и стручно-научната литература слободно може да констатираме дека понудениот учебник претставува модел на универзитески учебник во кој се сублимирани факти и сознанија за проучуваниот проблем. Имено, во него се презентирани содржини кои нудат теоретски знаења неопходни за совладување на методиката како научна дисциплина, но и практични знаења потребни за успешна реализација на воспитно-образовна практика во предучилишните установи. Овој труд со својот теориски и практичен третман на прашањата врзани со развојот на математичките поими може да биде раководство во креирањето на образовните политики во државата, од една страна, но и практично упатство за успешна реализација на воспитно-образовната практика. Несомнено треба да се нагласи и тоа што овој труд со својата содржина овозможува и постигнување на компетенциите на студентите на Факултетот за образовни науки, предвидени во предметните програми на методиката на развојот на почетните математички поими 1 и 2. Исто така, овој учебник може да биде и литература за предметни програми кои третираат содржини за методиката на развојот на почетните математички поими на другите наставнички факултети во Македонија кои едуцираат идни воспитувачи.

Врз основа на претходно изнесеното, со задоволство го препорачуваме учебникот **„Методика на развој на почетни математички поими“** од проф. д-р Снежана Јованова-Митковска за објавување и печатење. Имено, овој текст со актуелноста на својата проблематика и теориско-емпирискиот пристап во нејзината елаборација може да најде примена како задолжителна литература во едукацијата на студентите на Факултетот за образовни науки, но и при креирањето на образовните политики во земјава и на воспитно-образовните практики во предучилишните установи.

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Весна Макашевска, с.р.**